# ИЗВЕШТАЈ

# ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ОУ „Кочо Рацин“ Ивањевци

## 2023-2025



# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Кочо Рацин“ Ивањевци за период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 2025година) Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ Ивањевци изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.06.2025 (04-12/5) година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Мартина Николовски – стручен соработник
2. Татјана Божиновска – наставник по англиски јазик
3. Николина Даралијовска Саботковска – наставник по математика
4. Весела Богдановиќ – одделенски наставник
5. Јасмина Мурговска – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот август-октомври 2025година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Весела Богдановиќ (координатор)<br>Кате Кутлешовска Тасевска<br>Михајло Костов<br>Владимир Јанакиевски<br>Маријана Чагорска Нешевска<br>Ленче Стојановска<br>Марина Стојчевска |
| 2. Постигања на учениците | Кристина Ристевска (координатор)<br>Елизабета Поповска<br>Билјана Петровска<br>Горан Трајковски<br>Филип Јовановски<br>Дунавка Коштревска<br>Сузана Нечовска Илиќ |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Николина Даралијовска Саботковска (координатор)<br>Даниела Шемовска<br>Мануела Марковска<br>Весна Калајџиевска<br>Ирена Кочова<br>Методи Гершанов |
| 4. Управување и раководење | Татјана Божиновска (координатор)<br>Весна Стојановска<br>Кристина Пауновска<br>Розана Арсовска<br>Јасмина Мурговска<br>Елизабета Јовановска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 31.10.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Резултатите од самоевалуацијата укажуваат на високо ниво на професионализам, соработка и континуирано стручно усовршување во нашето училиште. Над 90% од наставниците потврдиле навремено добивање обуки за современи методи на планирање, што ја рефлектира посветеноста на училиштето кон модерна, квалитетна и ефективна настава.<br><br>Постојаната поддршка од страна на стручната служба, директорот и одговорните лица при изготвување на наставни планови, како и редовниот надзор и давање повратна информација (95% потврда), покажуваат дека училиштето има воспоставен функционален систем на интерна поддршка и внатрешна евалуација на наставата.<br><br>Исто така, 82% од наставниците потврдиле редовна размена на искуства преку стручните активи, кои се истакнуваат како клучни алатки за професионален дијалог и рефлексија.<br><br>Наставниците користат и надворешни извори и соработки со други институции, со што го збогатуваат сопственото искуство и ја унапредуваат наставната практика.<br><br>Позитивниот ефект од овие активности е потврден и од страна на учениците: над 70% забележуваат употреба на различни извори за учење, додека околу 65% ја оценуваат наставата како поинтересна и усогласена со нивните интереси – што укажува на директно влијание на наставничката соработка врз ученичкото искуство.<br><br>Заклучно, училиштето демонстрира висок степен на стручна поврзаност, ефикасна организација и континуирана ориентација кон унапредување на наставниот процес, што претставува цврста основа за постојан развој и квалитетно образование.<br><br>Спроведената самоевалуација укажува дека во нашето училиште постои високо ниво на организираност, професионализам и педагошка одговорност во реализацијата на наставниот процес. Наставата се изведува редовно, согласно годишниот календар, без значителни отстапувања, што говори за стабилен и ефикасен образовен систем во училиштето. Дури и при отсуства на наставници, училиштето успешно организира соодветна |

замена, што ја потврдува функционалноста на внатрешната логистика и распределба на кадар.

Наставниците се посветени на прилагодување на наставата на индивидуалните образовни потреби на учениците. Тие применуваат диференцирани стратегии, разновидни наставни извори (учебници, дигитални ресурси, литература) и современи наставни методи како што се: учење преку проекти, искуствено и истражувачко учење, учење преку игра, решавање проблеми и употреба на едукативни технологии. Овие пристапи резултираат со поголема ангажираност на учениците, критичко размислување и развој на креативноста.

Процесот на избор на изборни предмети и активности е транспарентен, добро структуриран и целосно инклузивен. Учениците и нивните родители се редовно и навремено информирани, со што се поттикнува слободен избор во согласност со личните интереси и способности. Според податоците, голем дел од учениците се задоволни од понудата и чувствуваат дека нивните интереси се земени предвид.

Во однос на вклученоста на учениците во наставниот процес, се регистрира високо ниво на интеракција. Учениците активно учествуваат во дискусии, групна работа, натпревари и проекти. Наставниците се отворени, достапни и подготвени да обезбедат поддршка, што придонесува за создавање на безбедна, инклузивна и позитивна училишна клима. Според резултатите, наставниците промовираат вредности како што се почитување, соработка, прифаќање на различноста и меѓусебна поддршка, а учениците се чувствуваат слободни да ги изразат своите мислења и ставови.

Училиштето успешно ги имплементира принципите на образовна инклузија. Формирани се инклузивни тимови на институционално и индивидуално ниво, кои работат на изработка и спроведување на Индивидуални образовни планови (ИОП). Просторот е физички приспособен за ученици со попреченост, а тимовите обезбедуваат континуирана поддршка. Сепак, дел од наставниците изразуваат потреба за дополнителни стручни обуки поврзани со инклузивната пракса, што претставува можност за понатамошен напредок.

Интеркултурната едукација е интегриран дел од наставниот и воспитниот процес. Наставниците редовно реализираат МИО-активности, со вклучување на ученици од различни културни и етнички заедници, преку проекти, тематски работилници и заеднички настани. Преку овие активности се промовираат дијалог, толеранција, разбирање и прифаќање на различностите, што дополнително ја збогатува училиштната клима.

Во целина, резултатите од самоевалуацијата потврдуваат дека наставниците применуваат современи, иновативни и инклузивни пристапи, активно ги вклучуваат учениците во процесот на учење, обезбедуваат соодветна поддршка и придонесуваат за позитивна образовна средина. Постоечките практики во училиштето се во согласност со националните образовни стандарди и принципите на квалитетно и демократско образование.

Во нашето училиште, наставната и училишната средина се доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна и интеркултурна, што претставува цврста основа за создавање позитивна и поттикнувачка атмосфера за учење и развој. Учениците и нивните родители ги препознаваат вредностите на почитување, соработка и прифаќање кои се доследно применуваат и кои директно влијаат врз мотивацијата, ангажманот и чувството на припадност кај учениците.

Училиштето обезбедува пристап до разновидни ресурси и извори за учење – од енциклопедии и списанија до дигитални медиуми, што овозможува истражување, продлабочување на знаењата и развој на дигитална писменост. Наставата се смета за интересна и релевантна, бидејќи е поврзана со реалните животни ситуации и ги развива кај учениците критичкото размислување, решавањето проблеми и практичната примена на

знаењата.

Наставниците применуваат етички пристап кон учениците, давајќи позитивна и охрабрувачка повратна информација, што го зајакнува самодовербата и позитивната слика на учениците за себе. Тие користат различни мотиврачки стратегии – пофалби, индивидуализирана поддршка, поттикнување на иницијативата – кои создаваат пријатна и поддржувачка атмосфера за личен и академски развој.

Системскиот пристап кон идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците е едно од клучните приоритети во училиштето. Наставниот кадар и стручните соработници доследно применуваат методи за детекција на потребите, како што се набљудување, тестирања, разговори и меѓусебна соработка. Овој процес се надополнува со индивидуализирани пристапи и прилагодување на наставните содржини и методи, обезбедувајќи поддршка која им овозможува на сите ученици да го остварат својот потенцијал.

Во наставата се користат интерактивни техники и иновативни методи кои ги охрабруваат учениците да учествуваат активно и да ги развиваат своите способности преку групна работа, дискусии, проекти, учење преку игра и дигитални алатки. Учениците се мотивирани да учествуваат и во натпревари и други дополнителни активности кои ги развиваат нивните таленти и го зголемуваат нивото на самодоверба.

Севкупно, овие практики укажуваат на висок степен на професионализам и посветеност од страна на наставниот кадар, како и на континуирана поддршка од раководството на училиштето, насочена кон обезбедување на квалитетно, инклузивно и прилагодено образование. Овој пристап создава услови учениците да растат академски, но и лично и социјално, што е клучно за нивниот севкупен развој.

Утврдено е дека оценувањето е структурирано и усогласено со националните стандарди за постигнувања, што овозможува квалитетно, транспарентно и праведно вреднување на учениците. Критериумите за оценување се јасно дефинирани и конзистентно применувани од страна на наставниот кадар, кој во голема мера го практикува формативното оценување како клучен елемент за континуирана поддршка и развој на учениците. Во процесот на оценување, учениците добиваат редовни и конкретни повратни информации за својот напредок, што ја поттикнува нивната мотивација и самосвесност за учењето. Дополнително, наставниците користат разновидни методи и инструменти, вклучувајќи самооценување, меѓусебно оценување и водење портфолија, со што се овозможува активно вклучување на учениците во сопствениот образовен процес.

Меѓутоа, анализата на податоците од анкетите укажа на недоволна информираност на учениците и родителите во однос на критериумите и процедурите за оценување, што создава простор за подобрување на комуникацијата и објаснувањата. Оваа слабост може да предизвика чувство на несигурност и недоверба во процесот на оценување, што бара посветеност кон појаснување и комуникација преку редовни средби и образовни документи.

Стручната служба систематски врши статистички преглед на успехот на учениците, кој се презентира на наставничките совети и служи како важен инструмент за анализа и унапредување на наставниот процес. Посебно внимание се посветува на следењето на коефициентот на континуитет на успехот, како индикатор за стабилноста и одржливоста на постигнувањата во текот на учебната година.

Училиштето обезбедува и навремена дополнителна поддршка преку организирање на дополнителна настава за учениците кои се во потреба, со што се обезбедува инклузивност и прилагодување на образовниот процес кон индивидуалните потреби.

Севкупно, резултатите од самоевалуацијата ја потврдуваат посветеноста на училиштето кон обезбедување на објективен, транспарентен и квалитетен систем на оценување, со континуирана професионална поддршка за наставниот кадар и стремеж за подобрување на комуникацијата со учениците и родителите. Овие активности создаваат поволна образовна средина која го поттикнува развојот и успехот на сите ученици.

Воннаставните активности претставуваат важен сегмент од воспитно-образовниот процес, овозможувајќи проширување на образовното искуство на учениците надвор од редовната настава. Во нашето училиште се организираат разновидни активности кои се внимателно избрани и прилагодени на возраста, интересите и потребите на учениците од сите наставни циклуси.

Планирањето и реализацијата на воннаставните активности се составен и значаен дел од воспитно-образовниот процес, со јасна разновидност и прилагодливост кон индивидуалните потреби на учениците. За да се зголеми видливоста, учеството и информираноста, препорачливо е засилување на промоцијата преку огласни табли, ученички собранија и дигитални платформи. Исто така, важно е вклучување на учениците во процесот на планирање преку анкети и ученички совети, како и континуирано следење и евалуација на постигнатите резултати.

Анкетните податоци покажуваат дека скоро 40% од учениците учествуваат во изготвувањето на воннаставните активности, а речиси сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Вклученоста е присутна и кај ученици од различен пол, што ја потврдува инклузивноста на активностите. Ова укажува на постоење на практики кои овозможуваат активно учество на учениците, како што се анкети, училишни собранија, ученички тела и директна комуникација со наставниците.

**Силни страни**

Наставниците се постојано вклучени во обуки и стручни усовршувања поврзани со современи методи на планирање и реализација на наставата.

Се обезбедува континуирана стручна поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначени координатори.

Се практикува редовен надзор и стручна повратна информација за квалитетот на наставата, што го поттикнува професионалниот развој на кадарот.

Постојат механизми за континуирана професионална поддршка и одговорно раководство кое придонесува за стабилност и развој.

Наставните планови се доследно реализираат во согласност со календарот и наставните програми.

Се обезбедува континуитет во наставата дури и при отсуство на наставник, со навремена замена со стручен кадар.

Активите редовно функционираат, со размена на искуства и добри практики, што ја зајакнува внатрешната стручна соработка.

Наставниците применуваат современи, интерактивни и иновативни методи: групна работа, проекти, игри за учење и дигитални алатки.

Наставата е ориентирана кон практична примена на знаења и развивање на критичко размислување и вештини за решавање проблеми.

Постои пристап до разновրсни извори за учење – енциклопедии, печатени и дигитални материјали, интернет и искуства од други училишта.

Наставата се прилагодува на индивидуалните образовни потреби преку различни

методи и пристапи, со активно вклучување на учениците.

Образовната инклузија е развиена преку индивидуални образовни планови, формирани тимови и физички пристапен простор.

Училиштето нуди дополнителна и поддржувачка настава за ученици со специфични образовни потреби, базирана на анализи од процесот на оценување.

Критериумите за оценување се јасно дефинирани и усогласени со националните стандарди.

Наставниците доследно ги применуваат критериумите, со акцент на формативно оценување за поттикнување напредок.

Учениците се вклучени преку самооценување, меѓусебно оценување и водење портфолија.

Редовно се анализираат податоци за ученичкиот успех, кои се користат како основа за подобрување на наставната практика.

Се негува безбедна, инклузивна и интеркултурна средина со вредности на почитување, прифаќање и соработка.

Наставниците применуваат мотивирачка и афирмативна комуникација која ја зајакнува самодовербата кај учениците.

Се организираат активности за интеркултурна едукација и меѓуетничка соработка.

Учениците се вклучени во наставата преку интерактивни пристапи, проекти и натпревари, што го зголемува нивното ангажирање.

Имаат можност да учествуваат во креирање, предлагање и избор на воннаставни активности, што ја зголемува нивната мотивација и чувство на припадност.

Постојат формализирани механизми за искажување на нивниот глас и влијание врз активности.

Учениците се охрабрувани и поддржани да учествуваат на натпревари и проекти, што придонесува за развој на самодоверба, социјални вештини и натпреварувачки дух.

**Слаби страни**

Иако постои активна стручна соработка, сè уште има простор за поголемо ангажирање на сите наставници во процесите на професионален развој и размена на добри практики. Обезбедување подеднаква поддршка и мотивирање на целокупниот кадар може да придонесе кон подигнување на квалитетот на наставното планирање и реализација.

Наставниот кадар во голема мера користи современи технологии, но постои простор за посистематско интегрирање на дигитални алатки и иновативни методи во наставниот процес. Со тоа би се одговорило поуспешно на динамичните барања на современото образование.

Учениците сè повеќе се вклучуваат во животот на училиштето, но може дополнително да се зајакнат механизмите за нивна активна улога во планирањето на наставата и воннаставните активности. Подобра структуираност и формализирани форми на вклучување би придонеле за развој на нивната одговорност и иницијативност.

Постоечката комуникација со родителите е стабилна, но може да се поттикне поголема нивна вклученост како активни соработници во воспитно-образовниот процес. Воспоставување на подинамична соработка може да резултира со подобро прилагодена поддршка за учениците.

Иако се применуваат јасно дефинирани критериуми за оценување, дел од учениците и родителите сè уште не се доволно запознаени со нив или не ги разбираат.

Воннаставните активности се разновидни и креативни, но може дополнително да се прилагодат кон поширок спектар на интереси и потреби на учениците. Вклучувањето на учениците во изборот и дизајнот на програмите ќе обезбеди уште поголема мотивација и учество.

**Приоритети**

Планирање и организирање на дополнителни обуки со фокус на инклузивна настава, примена на иновативни методи, како и користење на дигитални алатки. Ќе се поттикне редовно учество на сите наставници во стручните активи, со поддршка за оние кои поретко се вклучуваат.

Развивање на унифицирани насоки, шаблони и примери на добра пракса ќе обезбеди повисок и подеднаков квалитет на наставните планови, особено за наставници со помалку искуство.

Формализирање на механизми како анкети, форуми и јавни консултации ќе овозможи учениците поактивно да учествуваат во креирањето на наставата и активностите, а нивните идеи да бидат препознаени и применети.

Дополнителна стручна поддршка и подобрување на ресурсите ќе обезбедат поквалитетна поддршка за учениците со специфични образовни потреби и поттикнување на индивидуализирано учење.

Да се разгледа можноста за проширување на изборните предмети и воннаставните активности, со цел поголема флексибилност и прилагодување кон интересите и способностите на учениците.

Унапредување на комуникацијата со учениците и родителите преку информативни сесии, јасни насоки и достапни материјали кои го појаснуваат системот на оценување.

Да се развијат нови форми на вклучување на родителите во наставниот процес, евалуацијата и поддршката на учениците, со цел создавање на стабилно и соработувачко училишно семејство.

Продолжување и унапредување на активности кои промовираат толеранција, разбирање и почитување на различностите, со активно учество на учениците и наставниците.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме**

Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното

испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.

Редовноста во наставата е многу добро. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции како што се Центар за социјални работи, Министерство за внатрешни работи и локална самоуправа ( оддел за образование).

Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаа недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.

Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.

Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.

Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.

Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна и додатна настава.

**Слаби страни**

Секоја година бројот на изостаноци (посебно оправдани) е сé поголем. Зачестена е појавата на оправдување на осуства без медициска белешка (со усно оправдување од родител) или/и незапишување ученици кои не се на час.

**Приоритети**

Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат поучувањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме**

Училиштето се грижи за целокупниот развој и добросостојба на учениците преку поддршка на нивниот социо-емоционален, образовен и личен раст. Стручната служба постојано следи, советува и им помага на учениците во справување со различни животни и училишни предизвици. Се реализираат бројни активности и програми насочени кон социјална инклузија, емоционален развој, превенција и ментално здравје, како и поддршка во изборот на понатамошно образование и професионална ориентација.

Имиџот, климата и културата на училиштето се позитивни и препознатливи на локално и пошироко ниво. Постојат утврдени кодекси на однесување и куќен ред, кои обезбедуваат почит, ред и соработка меѓу сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите заеднички се грижат за дисциплината и за создавање пријатна и безбедна средина за учење.

Учениците преку ученичкиот парламент и ученикот правобранител активно учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми. Во училиштето се почитуваат детските права, се промовира еднаков третман и се обезбедува правичен пристап до образованието за сите ученици.

Училиштето има воспоставена успешна соработка со Општина Могила, локалната заедница, институции и невладини организации, преку кои се реализираат предавања, трибини и едукативни активности за превенција на врсничко насилство, заштита од дрога, алкохол и пушење, промоција на здрава исхрана и лична хигиена.Севкупната работа на училиштето е насочена кон создавање позитивна, инклузивна и поддржувачка средина, во која секој ученик ќе се чувствува прифатен, вреднуван и охрабрен да ги развива своите знаења, способности и потенцијали.

**Силни страни**

Училиштето има јасно воспоставен кодекс на однесување и дисциплината се спроведува доследно, со позитивна и поттикнувачка атмосфера за работа и соработка меѓу наставниците и учениците. Учениците се мотивирани и активно учествуваат во донесувањето на одлуки и во училишните активности, додека наставниците ги поддржуваат и водат грижа за нивниот социо-емоционален развој и ментално здравје.

Постојат ефективни механизми за превенција и справување со врсничко насилство, како и активности за заштита од дрога, алкохол и пушење. Учениците и родителите се запознаени со своите права и имаат можност да добијат поддршка и совет од наставниците и психологот.

Училиштето обезбедува еднаков третман на сите ученици и промовира инклузија на маргинализирани и ранливи групи. Исто така, училиштето одржува добра соработка со локалната заедница и институции, реализирајќи заеднички проекти од интерес на учениците и заедницата.

Чистотата, уредноста, хигиената и здравствената заштита на учениците се на задоволително ниво, а училиштето активно ги информира и поддржува учениците при изборот на понатамошно образование. Севкупно, училиштето создава безбедна, прифатлива и мотивирачка средина за учење, раст и развој на учениците.

**Слаби страни**

Слабите страни на училиштето, според анкетите, се поврзани со недоволно активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес. Исто така, дел од учениците не покажуваат силна мотивација и интерес да одат на училиште, а информираноста за нивните права и механизми за заштита од врсничко насилство и конфликти не е целосна. Иако училиштето се грижи за хигиената и уредноста, постои мал број на ученици и родители кои не се задоволни со сегашното ниво на чистота и хигиена.

**Приоритети**

Поттикнување и поголемо активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес и училишниот живот.

Зголемување на мотивацијата и интересот на учениците за присуство и активно учество во училишните активности.

Подобрување на информираноста на учениците за нивните права, механизмите за заштита од врсничко насилство и решавање на конфликти.

Континуирано одржување и подобрување на хигиената и уредноста во училиштето.

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме**

Органот на управување на училиштето - Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, а мандатите на членовите се во законските рамки. Претседател на училишниот одбор е Мартина Димитриевска, член од редот на родителите. Работата на Училишниот Одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор, кој е доставен до членовите и се применува во работата на овој орган.

Училишниот одбор има своја Годишна програма за работа, која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Седниците на Училишниот одбор ги закажува претседателот, а работата на Училишниот одбор е транспарентна, при што одлуките донесени на овие седници се истакнуваат на огласна табла. Училишниот одбор има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Членовите на Училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето и го следат трошењето на буџетот со цел да имаат увид во потрошените финансиски средства.

Директор во училиштето е Николче Циуновски. Во склоп на Годишната програма за работа на училиштето се содржи и програма за работа на директорот на училиштето. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето, која е заедничка и е јасно вклучена во сите програмски документи кои се изработуваат во училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење на политики, планирање и обезбедување квалитет, за што има формирано голем број на тимови кои фнкционираат во училиштето. Директорот доделува одговорни задачи на кадарот, ги координира, следи и евалуира реализацијата на активностите, изготвува прегледи, извештаи, врши анализа и информира за резултатите.

Заедно со Тимот за развојна програма, го следи процесот на реализација на акциските планови за реализација на развојната програма. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите, при што се разгледуваат и се земаат во предвид иницијативите на Советот на родители и учениците.

Директорот на училиштето е постојано со тек со новините во образованието и преку континуирана соработка со наставниците, наставникот ментор и стручната служба ги имплементира во училиштето.

Се остварува и редовна соработка со непосредната локална и деловна средина, како и граѓанските организации (посети, предвања, и сл.). Училиштето соработува и со останатите училишта на ниво на општина, како и пошироко на ниво на држава, но се вклучува и во меѓународни образовни мрежи.

Наставата во општинското основно училиште „Кочо Рацин" Ивањевци се изведува во централното училиште во Ивањевци и подрачните училишта во с.Беранци, с. Долно Српци, с. Лознани, с. Св.Тодори и с. Трновци.

Работата на училиштето се одвива во една смена и секоја паралелка од одделенска и предметна настава е со различна големина. Истите се прилагодуваат во зависност од бројот на учениците.

Просторните услови може да се подобрат во насока на постоење на кабинети за наставници, кабинети, наставнички канцеларии, библиотеки и читални. И покрај тоа што поголемиот број училници се соодветни на бројот на ученици во паралелките, сепак се чувствува недостиг од простории за практична настава и воннаставни активности.

Училиштето располага со одреден број на наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставниот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Потребата од наставни средства и материјали се утврдува во договор со директорот на училиштето, а училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала.

Училишната библиотека располага со 754 книги. Библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива. Поради ограничени просторни капацитети библиотеката нема читална. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Исто така се води и електронска евиденција за постојната литература во библиотеката. Во подрачните училишта има мини библиотека со број на лектирни изданија кој ги задоволува потребите на учениците и истиот постојано се надополнува.

Училиштето има психолог и соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, со исклучок на предметите биологија и хемија.

Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина.

Наставниот кадар е соодветно распределен и најголем дел од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите. Наставниот кадар е редовно присутен во извршување на работните обврски и задачи. Сите отсуства од работа редовно се пријавуваат кај директорот. Отсуствата од работа се во согласнот со Законот за работни односи. Кога има отсутни наставници нема прекин во наставниот процес затоа што отсуствата навремено се пријавуваат и веднаш се прави нов распоред на реализација на наставата при што учениците не губат часови туку се заменуваат часовите на отсутните наставници кои потоа имаат задача да ги надополнат изгубените

часови со учениците.

Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално, на ниво на стручни активи и на ниво на училиште.

Секој наставник изработува личен план за професионален развој и го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација. Сите наставници во училиштето имаат изготвено личен план за професионален развој во врз основа на самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции наставниците и успешно ги идентификуваat компетенциите кои би сакале да ги подобрат преку разни обуки, семинари и конференции.

Вработените од нашето училиште имаат посетено голем број на обуки, семинари, работилници и друг вид на стручно усовршување. Вработените од училиштето се опфатени во обуките или преку директно учество на одреден семинар или преку дисеминација на стекнатите знаења и вештини преку стручни активи, работилници, предавања и сл.во училиштето. Училиштето континуирано го следи стручното усовршување на наставниците и нивното учество на обуки, семинари и конференции, а истите се евидентираат во Професионалното досие на наставниците. Стручното усовршување на наставниот кадар во училиштето се одвива во континуитет преку повеќе форми и облици. Училиштето има добра пракса за дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот преку Стручните активи, Одделенски совети и Наставнички совет. Постојано следење на стручна литература, посета на семинари организирани од Биро за развој на образованието, МОН и другите стручни институции и акредитирани организации. Училиштето се стреми кон реалност во планирањето преку извештаите и анализите на училиштето до кои се доаѓа на Совети на одделенски и предметни наставници, Наставнички совет и Училишниот одбор, преку кои се согледуваат позитивните и оние помалку успешните страни на работењето.

Директорот и психологот, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Посетата на часовите се реализира со претходна најава и се следат најмалку два часа во текот на едно полугодие. Евалуацијата од посетите се бележи во посебно подготвени листи за проверка односно протоколи за успешно следење на наставниот час. За следените часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација.

Училиштето има процедури за креирање на училишната политика. Во постапките за креирање на училишната политика се вклучени наставниците, родителите и учениците како и секторот за образование од основачот - Општината. Учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето, исто така и со начинот на нивното остварување и подобрување. Информирањето на сите заинтересирани субјекти се врши со доставување на писмени документи до субјектите, со писмени документи поставени на огласна табла но и усно на индивидуални или групни состаноци и средби.

Вработените во училиштето како носители на поголемиот број активности во соработка со учениците, пред се учениците - членови на ученичката заедница како носители на активности на ученичката заедница и родителите се залагаат за остварување на примарните цели на училишната политика но и за континуирано унапредување на истата. Училиштето ги поддржува иницијативите произлезени од ученичката заедница и родителите. Примарните цели како пренесување знаења, воспитување, развивање животни навики на учениците се остваруваат преку континуирано следење и вреднување на работата на учениците во рамки на редовната настава, воннаставните активности и натпреварите, континуирано следење на редовноста на наставата и функционирањето на триаголникот ученик- наставник-родител. Во креирањето на политиката вклучена е и безбедноста и грижата за здравјето на учениците. Училиштето има Куќен ред, Правилник за однесување на учениците, наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор. Унапредување на училишната политика се врши преку континуираната работа на

училиштето за унапредување на инклузијата на децата со попреченост во училиштето со вклучување на инклузивниот тим во проекти во соработка со образовниот сектор од општината и претставници на стручните тела за функционална проценка, преку едуцирање и учество на наставниот кадар на вебинари, обуки, со цел да се постигне вреднување на различностите, промовирање еднаквост и недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Во училиштето наставниот кадар соработува во училишни тимови кои делуваат соогласно годишната програма и истиот во рамки на Наставничкиот совет како највисок стручен орган со кој раководи директорот на училиштето, се грижи за воспитно-образовниот процес.

Состаноците на Наставничкиот и Одделенскиот совет се свикуваат уредно и се одржуваат редовно согласно програмата за работа на овие совети. На овие состаноци се разгледуваат и утврдуваат успехот и поведението на учениците, наградување како и опоменување врз основа на Правилник се разгледуваат и теми поврзани со примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата како и цели поврзани со целите на делување според развојниот план како и од реализација на додатната и дополнителната настава и слободните активности, работа на создавање на позитивна клима во училиштето, усогласување на критериумот за оценување и вреднување на ученичките знаења и слично. Од одржаните состаноци се водат записници. Наставничкиот и Одделенскиот совет континуирано имаат присутност и потребен кворум за работа. Вработените во училиштето се исто така вклучени во изготвување на Развојниот план на училиштето при чие креирање се консултираат и родителите и учениците. Во Развојниот план се дефинирани приоритетите на работењето а целите од Развојниот план се реализираат со одредена динамика. Наставниците се информираат преку редовни состаноци на Наставнички совет, Совет на одделенски наставници. Родителите се информираат преку редовни состаноци на Совет на родители, како и редовни родителски состаноци со одделенскиот раководител, а и преку училишнниот веб сајт а учениците се информираат на часовите на одделенската заедница.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, како и план за следење и евалуација на развојната програма.

Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето има три извори на финансирање (сопствени приходи, наменски дотации и општински трансфери). Сопствените приходи ги остварува преку издавање на дупликат свидетелство.

Училиштето оствари средства од проектот со Еразмус (“Development of key sustainability competence and green skills at school through problem-based learning approach in the context of the green Transformation – 221-1-BG01-KA220- SCH -0000277762)”.

Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот. Јавните набавки на училиштето се реализираат преку општина Могила. Родителите добиваат информации за буџетот на училиштето преку Совет на родители и преку страната на Општината каде што е објавен.

**Силни страни**

Раководниот орган на училиштето има воспоставено партнерски однос со членовите на Училишниот одбор.

Вработените, Училишниот одбор и родителите покажуваат посветеност на

придонесот во работата на училиштето.

Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители.

Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, наставниците и родителите.

Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно програмата за работа на училиштето.

Во училиштето има наставник-ментор кој им ја пружа неопходната поддршка на наставниците за имплементација на иновативни приоди во наставата и следење на промените во воспитно образовниот систем.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.

Наставниот кадар се распоредува според стручност, и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар.

Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции, успешно идентификувајќи ги подрачјата за сопствен професионален развој.

Се изработува план за професионален развој на ниво на училиште согласно личните планови за професионален развој.

Училиштето има добра практика за дисеминирање на искуствата здобиени од обуки за јакнење на компетенциите на кадарот.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските регулативи.

Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за финансиското работење.

**Слаби страни**

Двете училишни библиотеки не поседуваат читални.

Училиштето не нуди просторни услови за наставнички канцеларии и кабинети/простории за спроведување на повеќе воннаставни активности согласно новата Концепција за основно образование.

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден број на родители и мал број на наставници се изјасниле дека не се запознаени со тоа како се троши буџетот.

За предметите биологија и хемија на јавен оглас за вработување не се јавуваат кандидати кои ги исполнуваат нормативите пропишани со наставната програма по тие предмети.

**Приоритети**

Доградба на простории за читални.

Аплицирање со проекти на повици за финансиска помош од Општината и

Министерството за образование и наука за доградба на простории во училиштата.

Зголемување на публицитетот при објавувањето на планот за финансиско работење на училиштето и извештајот од финансиското работење на училиштето.

Покренување кампања во локалната средина и во општината за да се поттикнат младите луѓе повеќе да се запишуваат на студии за професии за кои има недостаток во општината.

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Од спроведената самоевалуација за работата на ОУ „Кочо Рацин" Ивањевци, Општина Могила за периодот 2023-2025 година, од страна на комисијата констатирани се голем број на силни страни, но и одреден број на слаби страни од кои ќе произлезат изготвувањето/реализацијата на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

| Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето | |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | • Обука на наставниот кадар за инклузивна и иновативна настава и дигитални алатки.<br>• Проширување на понудата на изборни предмети и вonнаставни активности.<br>• Зголемување на вклученоста на родителите во наставниот процес. |
| 2. Постигања на учениците | • Обука на родителите за важноста на редовното присуство на учениците во наставата.<br>• Воспоставување на строги критериуми за регулирање на отсуствата на учениците. |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | • Спроведување на едукативни сесии со учениците за нивните права, начини на справување со врсничко насилство и техники за мирно решавање на конфликти, во соработка со стручната служба и надворешни соработници.<br>• Спроведување план за редовен мониторинг на хигиената во соработка со техничкиот персонал и класните раководители, со цел навремено откривање и отстранување на недостатоци, како и подигнување на свеста кај учениците за одржување на чиста и уредна училишна средина. |
| 4. Управување и раководење | • Зголемување на просторниот капацитет на училиштето.<br>• Покренување кампања во локалната средина и во општината за да се поттикнат младите луѓе да се запишуваат на студии за професии за кои има недостаток во општината. |

Комисија за спроведување на СЕУ:

6. Мартина Николовски – стручен соработник ___________________
7. Татјана Божиновска – наставник по англиски јазик ___________________
8. Николина Даралијовска Саботковска – наставник по математика ___________________
9. Весела Богдановиќ – одделенски наставник ___________________
10. Јасмина Мурговска – родител ___________________